Јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ – Скопје (во текстот: ЈСП) - Комисијата за спроведување на постапка за јавното наддавање (во текстот: Комисија), објавува:

**О Г Л А С бр. 01/2014**
**за продажба на основни средства во сопственост на Друштвото по пат на усно јавно наддавање**

**1. Предмет на Огласот**
Предмет на огласот е продажба на основни средства – **49** (четириесетидевет) парчиња **професионална угостителска опрема за кујна** сопственост на Друштвото по пат на усно јавно наддавање, предвидени со Одлуката за отуѓување на основни средства (професионална угостителска опрема за кујна) донесена од Управниот одбор бр.02-810/5 од 11.09.2013 година и 02-1074/7 од 28.11.2013 година, вкупна почетна цена и депозит за учество на Огласот.

**2. Табеларен преглед**
1.Подетални информации за видот, називот и количини на основните средства, во врска со Огласот, се дадени во **Табеларен преглед** даден во точка 5 од овој оглас.
2.Огласот може да се добие на **веб** страната на - Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ (во текстот: ЈСП ): **www.jsp.com.mk**

**3. Право на учество**
Право на учество на јавното наддавање имаат:
Сите заинтересирани домашни и странски правни и физички лица кои ги исполнуваат условите дадени во Огласот, односно:
1.Правни лица: домашно правно лице да е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија, и странско правно лице кое има регистрирано преставништо во Република Македонија.
2.Физичко лице: државјанин на Република Македонија.

**4. Услови за учество во усното јавно наддавање**
Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат пријава за учество во јавното наддавање (во писмена форма), комплетирана со следните докази (приложени во оригинал или фотокопии заверени на нотар):
1.Пријавата по образец објавен на веб страната на ЈСП, пополнета од подносителот во која се наведени податоците за што се однесува истата, како и што се доставува во прилог на пријавата (кои документи) ;
2.Доказ за платен депозит (оргинал) ;
3.За физички лица уверение за државјанство и лична карта;
4.За правни лица доказ за регистрација на правното лице во Централниот регистар (Тековна состојба), не постар од 30 дена;

5.Уредно полномошно за полномошникот што го преставува правното лице, односно доказ за својство на одговорно лице за правното лице;
6.Сметка на која ќе може да им биде вратен депозитот за учество на огласот за јавното наддавање, и депонентна банка;
7.Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши известување на подносителите за уредноста и комплетноста на пријавата (за подносителот на пријавата кој ќе достави неточна **е-маил** адреса, ЈСП ќе нема обврска и последици во врска со тоа); и
8.Телефонски број за контакт.
Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на јавното наддавање за што подносителите на некомплетните пријави ќе бидат по електронски пат известени.

**5. Почетна цена**
Почетната вкупна цена на усното јавно наддавање за основните средства од, точка 1 изнесува **360.000,00** (со букви: тристашеесетилјади денари) **денари.**
**Поединечните почетни цени** по тип/модел на основните средства дадени во **Табеларниот преглед се:**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
### НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА – ПРОФЕСИОНАЛНА УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ЗА КУЈНА

| Ред број | Опис на основното средство | Тип/модел | Количина | Един. цена без ДДВ | Вкупен износ без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЛИНИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ХРАНА (КОМБИНИРАНА ЗА ЛАДНИ, ТОПЛИ И НЕУТРАЛНИ ЕЛЕМЕНТИ) | ЕЛК 5808Н | 1 | 43,000.00 | 43,000.00 |
| 2 | ЕЛЕКТРИЧЕН ШПОРЕТ СО ДВЕ РЕЛНИ | ГОРАН | 1 | 18,000.00 | 18,000.00 |
| 3 | ЕЛЕКТРИЧЕН ШПОРЕТ ЕДИНЕЧЕН | ГОРАН | 2 | 14,700.00 | 29,400.00 |
| 4 | ЕЛЕКТРИЧЕН ШПОРЕТ ЕДИНЕЧЕН | ИГО | 2 | 14,400.00 | 28,800.00 |
| 5 | ЕЛЕКТРИЧНА ПЕЧИЊАРА СО ТРИ РЕЛНИ | КОНЧАР | 1 | 22,500.00 | 22,500.00 |
| 6 | ЕЛЕКТРИЧНА ПЕЧИЊАРА СО ТРИ РЕЛНИ | ЕЕПЗ | 1 | 22,500.00 | 22,500.00 |
| 7 | ЕЛЕКТРИЧЕН КАЗАН | КОНЧАР | 1 | 18,000.00 | 18,000.00 |
| 8 | ЕЛЕКТРИЧЕН КАЗАН | ИГО | 1 | 18,000.00 | 18,000.00 |
| 9 | ЕЛЕКТРИЧНА ФРИТЕЗА | КОНЧАР | 1 | 9,000.00 | 9,000.00 |
| 10 | ЕЛЕКТРИЧНА ФРИТЕЗА | ЕФ 14 | 1 | 12,000.00 | 12,000.00 |
| 11 | ФРИЖИДЕР СО ДВЕ КОМОРИ | КОНЧАР | 1 | 12,300.00 | 12,300.00 |
| 12 | ФРИЖИДЕР СО ДВЕ КОМОРИ | ЕЛТЕХА | 1 | 12,300.00 | 12,300.00 |
| 13 | ФРИЖИДЕР СО ТРИ КОМОРИ | / | 1 | 16,600.00 | 16,600.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | ПАРОФАЌАЧ СО ФИЛТРИ И СОБИРАЧИ НА МАСНОТИИ | / | 1 | 9,500.00 | 9,500.00 |
| 15 | МАШИНА ЗА МЕЛЕЊЕ НА МЕСО | ДОГАН | 2 | 4,000.00 | 8,000.00 |
| 16 | МАШИНА ЗА ЛУПЕЊЕ НА КОМПИРИ | ИГО | 1 | 10,000.00 | 10,000.00 |
| 17 | МАШИНА ЗА ЛУПЕЊЕ НА КОМПИРИ | / | 1 | 10,000.00 | 10,000.00 |
| 18 | УНИВЕРЗАЛНА МАШИНА СО ПРИКЛУЧНИ ДЕЛОВИ | ИСКРА | 1 | 4,900.00 | 4,900.00 |
| 19 | ВАГА СО ТЕГОВИ | ТИТАН | 1 | 1,000.00 | 1,000.00 |
| 20 | РАБОТНА МАСА СО ВРАТИЧКИ, СРЕДНА И ДОЛНА ПОЛИЦА 1500; 1600/70/85 | / | 2 | 6,000.00 | 12,000.00 |
| 21 | РАБОТНА МАСА ОТВОРЕНА СО ДОЛНА ПОЛИЦА 1500;1600/70/85 | / | 6 | 3,100.00 | 18,600.00 |
| 22 | РАБОТНА МАСА ОТВОРЕНА СО ДОЛНА ПОЛИЦА 1000/70/85 | / | 1 | 2,400.00 | 2,400.00 |
| 23 | САДОПЕРИ СО ДВЕ КОРИТА | / | 4 | 2,500.00 | 10,000.00 |
| 24 | САДОПЕРИ СО ТРИ КОРИТА | / | 1 | 3,500.00 | 3,500.00 |
| 25 | ШЕРПИ АЛУМИНИУМСКИ | / | 10 | 400.00 | 4,000.00 |
| 26 | НОСИЛКИ ЗА ХРАНА ИНОКС 30-35 Л | / | 2 | 1,200.00 | 2,400.00 |
| 27 | ТРУПЕЦ ЗА МЕСО СО ДИМЕНЗИИ 500/700/850 | / | 1 | 1,800.00 | 1,800.00 |
| *** | ВКУПНО: | / | 49 | / | 360,500.00 |

## 6. Депозит

Депозитот за учество на Огласот за јавно наддавање изнесува 36.000,00 (триесетишестилјадиденари) денари, односно 10% (десет проценти) од вкупната почетна цена за вкупната понуда, односно 10% (десет проценти) од утврдената вредност-цена за поединечните понуди.

Депозитот се уплатува вирмански или преку пошта на сметката на ЈСП СКОПЈЕ: Комерцијална банка А.Д - Скопје, **со назнака**: Депозит за учество на Оглас за јавно наддавање бр. **01/2014**, денарска сметка бр. 300000000232933, на име на ЈСП СКОПЈЕ.

Депозитот се враќа во целост на подносителот на пријавата за јавното наддавање во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, освен на понудувачот кој понудил најповолна цена, на кого по склучување на договорот за купопродажба, му се враќа уплатениот депозит намален за трошоците на постапката во износ од 5% (пет проценти) од депонираните (депозитните) средства.

## 7. Рокови

Пријавите за учество на јавното наддавање, во затворен плик , со назнака за **Оглас за јавно наддавање бр. 01/2014**, може да се достават до **05.03.2014** година, по пошта во седиштето ЈСП СКОПЈЕ – Скопје, бул. Александар Македонски бр.10, или директно во архивата на ЈСП СКОПЈЕ, **со назнака**: До ЈСП СКОПЈЕ – Комисија за спроведување на постапката за јавно наддавање.

Јавното наддавање ќе се одржи на **10.03.2014** година, во **12 часот** по локално време, во салата за состаноци, која се наоѓа во седиштето на ЈСП СКОПЈЕ и ќе трае **30** (**триесет**) **минути**.

**8. Постапка**

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетноста на истите по електронски пат, во рок од **3** (**три) дена** од денот на поднесувањето на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставил комплетна документација им доставува известување за усното јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2. На денот на одржувањето на усното јавно наддавање овластените лица на подносителите на пријавите пристапуваат на усното јавно наддавање, со гласно кажување на повисоката понуда на почетната цена.

3. Усното јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање.

4. Усното јавно наддавање го следи и води Комисија, формирана од Директорот на ЈСП СКОПЈЕ.

5. Усното јавно наддавање започнува со објавување на почетната вкупна цена на продажбата на основните средства - **49** (четириесетидевет) парчиња **професионална угостителска опрема за кујна**, а се спроведува по пат на наддавање од страна на подносителите понудувачи.

Во колку не е поднесена понуда за вкупна продажба, се пристапува кон наддавање на почетната цена на понудената опрема од листата на поединечни цени на опремата по тип/модел дадени во **Табеларниот преглед**.

6. Наддавањето се врши "чекорно" со зголемување на вредноста со секој "чекор" не помалку од 10.000,00 (десетилјади) денари за вкупната опрема, односно не помалку од 1.000,00 денари за опремата со почетна вредност над 6.000,00 денари, односно не помалку од 200,00 денари за опремата со почетна вредност под 6.000,00 денари.

7. Јавното наддавање може да трае и пократко од предвидениот рок, доколку учесниците на јавното наддавање се откажале од натамошното наддавање ако на последната понудена цена Комисијата констатира дека по трипати јавно понудената последна цена нема нова понуда.

8. Усното јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето предвидено во Огласот, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на понудувачите е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Продолжување на крајниот рок е дозволено најмногу три пати во текот на јавното наддавање.

Редоследот на наддавањето од листата на поединечни цени на опремата по тип/модел дадени во Табеларниот преглед се врши по редниот број на опремата за кои е дадена понуда.

9. Учесникот – понудувач на јавното наддавање кој понудил највисока цена се стекнува со статусот **најповолен понудувач**.

10.Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува Извештај за спроведеното јавно наддавање, кој го подпишува и најповолниот понудувач и по електронски пат го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

11. Начинот на плаќање е следниот:

11.1 Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена, од денот на приемот на Известувањето за избор на најповолен понудувач, да уплати на сметката на ЈСП 90% (деведесет проценти) од средствата за продажба на основните средства - **49** (четириесетидевет) парчиња **професионална угостителска опрема за кујна**, согласно дадената понуда од јавното наддавање.

11.2 Останатите средства во износ од 10% (десет проценти) од понудената цена е должен да ги уплати на сметка на ЈСП во рок од 7 (седум) дена по склучување на договорот за купопродажба.

12. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата од 90% (деведесет проценти) во утврдениот рок, ќе се смета дека основните средства не се продадени, и нема да се пристапи кон склучување на договор за купопродажба, а депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени.

13. По извршената уплата на износот во утврдениот рок од точка 11.1, Директорот на ЈСП СКОПЈЕ, во рок од 5 (пет) дена, склучува Договор со најповолниот понудувач (купец) за продажба на предметните основни средства.

14. Вкупната цена е без пресметан ДДВ.

15. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од 3 (три) дена од денот на добивање на Извештајот од одржаното јавно наддавање.

Комисијата е должна да одлучи по поднесениот приговорот со решение во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на приговорот. Одлуката на Комисијата е конечна.

16. Овој оглас ќе биде објавен во средствата за јавно информирање -дневни весници и ВЕБ страната на ЈСП СКОПЈЕ: **www.jsp.com.mk.**

**17. Заинтересираните кандидати, основните средства можат да ги видат, во периодот на траење на огласот, во работните денови од 11,00 - 14,00 часот, со претходна најава на телефон 02/ 3174 264, Лице за контакт: Голубинка Огненоска.**

ЈСП СКОПЈЕ

**Комисија за спроведување на постапката за јавно наддавање**

**П Р И Ј А В А**

за учество на Огласот за продажба на основни средства во сопственост на ЈСП СКОПЈЕ по пат на усно јавно наддавање бр.01/2014

ДО: ЈСП СКОПЈЕ – Скопје – Комисија за спроведување на постапката за усно јавно наддавање.

Почитувани,

1. По извршениот преглед и целосно разбирање на сите информации и барања дадени во Огласот за продажба на основни средства во сопственост на ЈСП СКОПЈЕ по пат на усно јавно наддавање бр. 01/2014, ние долу потпишаните: ____________________________________________________________

( име /назив на понудувачот, адреса и седиште/живеалиште)

____________________________________________________________

__________________________________________

со оваа се пријавуваме за учество на Огласот и јавното усно наддавање како кандидат за доделување на следниот договор: Договор за купопродажба на основни средства – **професионална угостителска опрема за кујна**, со опис на средства и количина дадени во Табеларниот преглед.

2. Кон пријавата се приложени оргинал или копии од оргиналните документи заверени на нотар, со кои се дефинира нашата способност за учество на јавното наддавање согласно барањата од Огласот, и тоа:

- доказ за платен депозит за учество на Огласот, во оргинал;
- доказ за регистрација на правното лице од Централен регистар (тековна состојба) не постара од 30 дена / уверение за државјанство и лична карта за физичко лице, копие;
- доказ за својство на одговорното лице во правното лице, односно уредно потпишано и заверено полномошно што ќе го претставува и врши наддавање за правното лице на јавното наддавање, во оргинал;
- сметка на која ќе се врати депозитот бр:___________________________;
- депонентна банка: ____________________________________;
- Е-маил адреса:___________________________;
- Телефон и лице за контакт:_________________________________;

3. Вашите ополномоштени преставници, ги овластуваме да ги преземат сите испитувања за проверка на документите и информациите поднесени во врска со оваа пријава.

4.За дополнителни писмени информации спремни сме за целосна соработка.

5. Долупотпишаниот изјавува дека податоците во правилно пополнетата пријава се комлетни, вистинити и точни во секој поглед.

________________________

(Место, дата)

**ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВА**

________________________________________